**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-889/2**

**Скопје, 16.11.2007 година**

**ДО**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2006 година кои се прикажани на страниците 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено било каков извештај за финансиските извештаи на Комисијата за заштита на конкуренцијата за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
   - Панче Бардаров – претседател на Комисијата до 30.11.2006 година и
   - Чедомир Краљевски - претседател на Комисијата од 18.12.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 27.09 до 08.10.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.1.1. Со увид во книговодствената евиденција на Комисијата, ревизијата констатира дека не постои усогласеност помеѓу официјалните финансиски извештаи, сметководствената евиденција и банковите изводи. Имено поради несоодветно евидентирање на сметководствените настани, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, нереално е прикажана состојбата на средствата и нивните извори како и трошоците поврзани со редовното работење. Поради тоа ревизијата констатира дека, финансиските извештаи на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2006 година не претставуваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на истата.

Наведеното произлегува од следното:

- сметководствената евиденција на Комисијата е доверена на надворешно сметководствено биро. Комисијата нема никаков увид и контрола на квалитетот на работењето на бирото поради непостоење на стручен кадар за оваа област;
- и покрај тоа што во актот за систематизација на работни места на Комисијата е предвидено одделение за финансиско сметководствено работење со четири работни места, истото сеуште не е формирано.

**Препорака**

Комисијата за заштита на конкуренцијата во најкраток можен рок да ги превземе потребните активности во однос на:

- спроведување на корективните книжења во Билансот на состојба, со цел реално и објективно прикажување на состојбата на средствата и изворите;
- пополнување на одделението за финансиско сметководствено работење и превземање на сметководствената евиденција во рамките на истото.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 -----------------------------

11. Според наше мислење, поради наодот изнесен во точка 10.1, финансиските извештаи на Комисијата за заштита на конкуренцијата невистинито и необјективно ја претставуваат финансиската состојба на 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за 2006 година и во спротивност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 15/11/2007 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

**Комисија за заштита на конкуренцијата**
**Сметка за редовно работење**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| Опис | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 11,522 | 4,963 |
| **Вкупно приходи** | | **11,522** | **4,963** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 6,634 | 2,095 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 4,714 | 1,901 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **11,348** | **3,996** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3 | 174 | 967 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **174** | **967** |
| **Вкупно расходи** | | **11,522** | **4,963** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

**Комисија за заштита на конкуренцијата**
**Сметка за редовно работење**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1 | 864 | 408 |
| **Вкупно тековни средства** | | **864** | **408** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1 | 81 | 954 |
| **Вкупно постојани средства** | | **81** | **954** |
| **Вкупна актива** | | **945** | **1,362** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.1 | 864 | 408 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **864** | **408** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на други средства | 4.4.1 | 81 | 954 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **81** | **954** |
| **Вкупна пасива** | | **945** | **1,362** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------